# ТАОРСКО ГРАДИШТЕ
# (TAURISIUM — BEDERIANA — JUSTINIANA PRIMA)

Селото Таор е оддалечено околу 18 км јужно од Скопје и лежи на една тераса што се издига на левиот брег на реката Вардар. Спомнатиот рид, од западната страна, таму каде што е сместено селото, стрмо се спушта во водите на Вардар, а од северната страна, откако прави две тераси преку еден земјишен бедем што е висок околу 50 м, се губи во коритото на веќе исушеното Катлановско Блато. Блатото во врнежливо време се исполнувало со вода и на тој начин добивало изглед на езеро. Тогаш Таор се претворувал во готово изолирана населба во триаголникот што го затвораат клисурите на реките Вардар и Пчиња како и некогашното Катлановско Блато. Навистина постојат неколку селски патишта што ја врзуваат населбата со блиските села: Катланово, Блатец, Бадер, Кожле, Пакошево и Ново Село, само се тие во многу лоша состојба и од затворен вид. Некогаш овој предел имал поразвиени врски, на што упатуваат бројните археолошки наоди на теренот околу наведените села.

Најмногу останки од минатото има во близината на с. Таор и тоа на тамошните две северни тераси што се доволно пространи за сместување на некоја помала античка населба. Таму на локалитетите Чешија, Тули и Латински Гробишта што се пружаат во правец северозапад-југоисток се виѓава и денес керамида, граѓежен камен и темели од некогашни ѕидови. Овие темели, што се дебели околу 1 м и што се делум ископани од селаните, се пружаат од врвот Чешија удолу во правци југ-север и југоисток-северозапад и завршуваат во тамошниот канал и во селското ѓубриште. Во рамките на овие странични ѕидови (селаните ги викаат авлија) по должината на локалитетот Тули се протега еден помасивен и позачуван ѕид направен од камен и малтер. Таму, под Чешија, поправо под некогашната кула на горната тераса, откопан е и еден столб од син дивљански камен што е сега скршен на два дела во големина од по 1 м. Пречникот на столбот изнесува околу 0,40 м. На истата месност најден е и еден фрагмент од друг столб (направен од бел пагарушки камен) со латински натпис. На северозападниот агол на локалитетот (Таорското Градиште) што се вика Главучица постојано се откопуваат гробови, а во подножјето и темели од големиот страничен ѕид. Потоа треба да се наведе дека во селото во дворот на Анѓеле Божи-

новски се наоѓа каменен потпор-носач на некоја загубена биста што денес служи како меѓник. Освен тоа околу црквата лежат испокршени столбови од син камен долги 2 м и 1 м, со пречник од околу 0,30 м. Покрај црквата се уште се виѓава римската надгробна плоча што своевремено ја забележал Arthur John Evans[1]. На селските гробишта (постојат стари и нови) најдени се средновековни пари и украси. Најнакрај заслужува внимание и месноста Смил како поради положбата што ја има така и поради останките што таму се наоѓаат.

При рекогносцирањето на локалитетот кај с. Таор треба да се има предвид и податокот што е забележен во еден историски извор дека таму постоело градиште и во времето на развиениот феудализам. Имено во повелбата што датира од втората половина на XIII век, а што ја издал бугарскиот владетел Константин Асен на манастирот Св. Ѓорѓи—Горга кај Скопје меѓу другото стои: „село Таворь градище"[2]. Ова село е забележено и во втората зачувана повелба за наведениот манастир што потекнува од времето на владеењето на српскиот крал Милутин[3]. Според тоа врз основа на зачуваните останки и литерарни споменици може слободно да се каже дека е Таор доста стар локалитет.

Интересирањето за Таор датира од минатиот век. Уште генералниот конзул Михановиќ ја согледал сличноста на имињата Таор и Бадер со називите на античните населби Taurisium i Bederiana. Во исто време J. G. v. Hahn заинтересиран од неговото укажување го посетил пред 100 години наводно „Justinians Geburtsort". Таму во Таор тој узнал од селаните дека на постојните тераси има стари темели и дека Градиштето било поврзано со водовод. Но тогаш Hahn не можел да го рекогносцира теренот поради снежната покривка, и бидејќи малку видел, искажал сомневање во поглед на можноста на тамошниот стеснет простор да бил сместен „Tetrapyrgion" на Прокопија[4].

Нешто подоцна И. Јастребов патувајќи по Скопско забележал наспроти тврдењето на J. G. v. Hahn: „да је у Таору била тврђава, о томе се не може сумњати, јер се и сад познају трагови оних зидина које су састављале тетрапиргијон"[5].

Некако во исто време кога И. Јастребов престојувал во Скопско, Arthur John Evans го рекогносцирал теренот околу селата Бадер и Таор. Таму тој го забележал Бадерското кале и при-

[1] Arthur John Evans, *Antiquarian Researches in Illyricum* III—IV стр. 144.

[2] Йорданъ Ивановъ, *Български старини изъ Македония*. София 1931 стр. 584.

[3] Рад. Грујић, *Три хиландарске повеље*. Зборник за историју Јужне Србије и суседних области I. Скопље 1936, стр. 19.

[4] J. G. v. Hahn, *Reise von Belgrad nach Solanik*. Wien 1868, стр. 157.

[5] И. Јастребов, *Наставак бележака из мог путовања по Старој Србији*. Гласник Српског ученог друштва, 57, стр. 40. Патем кажано И. Јастребов дава измислица кога пишува за Бадер дека се гледа од железничката станица Зелениково.

тоа тој го објаснувал името и потеклото на топонимот со град каков што бил некогаш Bederiana. Познатиот испитувач A. J. Evans бил многу изненаден што таму кај Бадер не нашол траги од римско време. Навистина тој рекогносцирал еден римски пат но подалеку од Бадер а поблизу до с. Блаце.

Но во подножјето на тоа село поправо на патеката Бадер—Катланово, во близината на р. Пчиња, а на меѕноста Дрма постои досега незабележен локалитет што заслужува да се испита поради неговата старост и поради неговата географска положба. Теренот е полн со тули, а и со градежен камен. Освен тоа таму лежат и делови од испокршени камени столбови со пречник од околу 0,40 м. A. J. Evans во својата работа повеќе успех забележал на локалитетот кај с. Таор. Таму, околу црквата Св. Илија ги видел веќе наведените камени столбови и римската надгробна плоча со словенски натпис. Внатре во црквата тој го согледал споменатиот каменен блок-постамент. Но најмногу преостанки тој нашол на блиската тераса што била готово покриена со римска керамида и темели од ѕидишта. Во врска со тоа A. Evans искажал мислење дека локалитетот крие урнатини од некојси град од доцнешно римско време, па затоа се зафатил со реконструкција на тврдината на лице место. И бидејќи реконструираниот објект не му испаднал адекватен на „тетрапиргијон" на Прокопија угледниот археолог A. Evans констатирал дека во случајов се работи за една коинциденција[6]. И навистина при еднострането споредување на имињата Taurisium и Bederiana со топонимите Таор и Бадер се добива на прв поглед таков впечаток. Но со тоа не би требало да се заврши рекогносцирањето на Таорското Градиште.

Познатиот опис на Прокопија за Justiniana Prima уште како пружа можност за утврдување на географската положба на Taurisium и Bederiana. Впрочем да се потсетиме дека во текстот станува збор за три населби од кои првата по име Bederiana како каштел била во времето на Јустинијана од темел обновена и подобро утврдена, втората била село по име Taurisium, што во исто време било на брза рака оградено со ѕидови во облик на четириаголник и по изградувањето на 4 кули било преправено во каштел, и третата по име Justiniana Prima била сосема нова населба. Освен тоа од трудот на Прокопија „De aedificiis" узнаваме дека Taurisium лежел во близината на Bederiana a Justiniana Prima била прилепена до Taurisium[7]. Веднаш паѓа во очи дека во описот на наведениот византиски писател воопшто не се споменуваат градски ѕидови околу Justiniana Prima. Ова особено треба да се има предвид кога се работи на убицирањето на цитираните населби.

Како што е познато Прокопија во наведениот панегирик ја истакнал градежната дејност околу градскиот бедем на Ulpiana а освен тоа го забележал и утврдувањето на оштетените градски

[6] A. J. Evans, наведениот труд, стр. 145.
[7] *Византиски извори за историју народа Југославије* I (1955), стр. 55.




Lokaliteti na antičnite kašteli Bođeriane i Taurisium

ѕидови на Сардика, на Ниш, на Германија и на Пауталија[8]. Во врска со тоа малу е веројатно дека тој направил пропуст по однос на Justiniana Prima. Несфатливо е Justiniana Prima да остана отворена населба и тоа токму во времето на постојаните упади на варвари. Објаснување за ваков наводно небрежен однос спрема Justiniana Prima треба да се бара во одбранбената политика на Византија. Во текот на изградувањето на фортификациониот систем и Justiniana Prima била вклучена во него и тоа преку каштелите Taurisium и Bederiana. Овие ,,гратчиња" се покажаа целисходни особено во условите што се создадоа по катастроалниот земјотрес од 518 год. Имено каштелот Bederiana кој воедно бил и попатна станица ја обезбедувал комуникацијата што водела за Stobi. А каштелот Taurisium со на брза рака изградени ѕидови ја покривал Justiniana Prima.

Нема сомневање дека близината на населбите при пројавена небрежност создавала можност да се замешаат топонимите. Така на пример хроничарот Малала (пред 565 година) како да го има превидено известувањето на Прокопија па напишал дека е Јустинијан Трачанин од Bederiana[9]. Поправо оваа населба била родно место на вујко му на Јустинијана по име Јустин. Малала како и неговиот византиски современик Прокопија го знаеле тоа многу добро. Положбата на Bederiana спрема другите населби како и нивната меѓусебна поврзаност може да се согледа секако од известувањето што го дава уште еден византиски писател од VI век. Имено според Агатија (околу 580 година) Bederiana била родно место на Јустинијана и илирски град што го променила името во Justiniana Prima[10]. Секако дека ова укажување заслужува внимание при рекогносцирањето на населбите. Во случајов и Bederiana и Justiniana Prima постоеле една покрај друга. Првата населба и натаму егзистирала но само во сенката на метрополата. Justiniana Prima во првите децении на постоењето додека уште била ,,славна" го потиснала навидум најнапред името на Taurisium, а подоцна и на Bederiana. Едно време и Bederiana со своето име ја покривала населбата Taurisium, којашто сраснала со Justiniana Prima па не можела веќе да се означи како родно место на царот Јустинијан.

Во светлината на гореприведените останки од материјалната култура и фрагменти од литературните споменици се налага преоценување на коинциденцијата што своевремено ја нафрли А. Еванс со споменатите топоними. Веднаш треба да се каже дека се Таор и Бадер редок пример на блиски села што е адекватен на описот на Прокопија за Taurisium и Bederiana. Во случајов не се работи за натегање со сличноста на топонимите. Познато е дека и Петар Скок укажал на континуирана врска во називите

[8] Исто, стр. 57.

[9] Фрањо Баришић, *Досадашњи покушаји убикације града Justiniana Prima*. Зборник Филозофског факултета VII—1, стр. 132.

[10] Исто, стр. 133.

на споменатите населби[11], но и покрај тоа идентификацијата според мислењето на некои научни работници била заснована на гласовната сличност на имињата[12].

Пред скоро време се зголеми бројот на испитувачите што се искажаа против гласовното поврзување на називите на споменатите скопски села со приведените антички топоними. Имено белградскиот византолог Фрањо Баришиќ во една опстојно обработена статија, а по извршена анализа на литературните извори и на познатите тези за положбата на Justiniana Prima ја убицирал Bederiana ,,подаље од било којег тада постојеќег града Средоземне Дакије и само релативно ближе Нишу"[13]. Аргументацијата на Ф. Баришиќ се засновува во прв ред врз податокот што го дава Јован Антиохиски (околу 610 година) за каштелот Bederiana кој наводно лежел во една месност што се ,,доближувала до илирскиот град Naisus"[14]. И бидејќи за царот Јустин ,,скоро сви писци кажу да је Трачанин", Ф. Баришиќ изведува заклучок дека Justiniana Prima се наоѓала ,,у некој трачко-илирској, пограничној области"[15], во Dacia Mediterranea. При определување вредноста на податокот што го дава Јован Антиохиски треба да се има предвид дека тој потекнува од почетокот на VII век, поправо од времето кога Justiniana Prima западна, кога Bederiana ,,се ослободи" донекаде од ,,славата" на метрополата и кога Naissus израсна во форпост спроти варварите што од север навлегуваа по долината на р. Морава. Секое друго објаснување трпи критика бидејќи останува неразбирлива ориентацијата што ја дава Јован Антиохиски за положбата на Bederiana. Имено населбата тој ја свртил спрема оддалечениот Naissus место да ја постави во близината на Justiniana Prima.

Гореизложеното тврдење на Ф. Баришиќ се однесува и за македонската територија бидејќи и во неа живееја измешано Трачаните со Илирите[16], а освен тоа и таа била зафатена со административните граници на Dacia Mediterranea. Имено, неодамна на една месност во близината на Штип најдена е спомен-плоча од крајот на IV век, од градот Баргала, во Средоземна Дакија[17]. Западната граница на споменатата провинција по земјотресот од 518 година веројатно го зафаќала пределот околу денешнето

[11] Петар Скок, *Из топономастике Јужне Србије* II — Скопска котлина. Гласник Скопског научног друштва XV—XVI, стр. 101.

[12] Фрањо Баришиќ, наведениот труд, стр. 135.

[13] Исто, стр. 140.

[14] Исто, стр. 133 и 139.

[15] Исто, стр. 139.

[16] Според претпоставката на Фанула Папазоглу с. Пчиња што лежи нешто подалеку од Катлановската Бања ѝ припаѓало на Тракија. Фанула Папазоглу, *Македонски градови у римско доба* (1957) стр. 83.

[17] Исто, стр. 245.

с. Катланово, поправо теренот на некогашните населби Bederiana и Taurisium.

Нема сомневање дека гореизложеното мислење за географската положба на споменатите населби конечно ќе се потврди или отфрли по археолошките раскопки што би се извршиле таму.

*Скопје.* *Т. Томоски.*

## *ZUSAMMENFASSUNG*

*T. Tomoski*: TAORSKO GRADIŠTE (TAURISIUM—BEDERIANA—JUSTINIANA PRIMA)

Der neueste Beitrag der Ubikation von Justiniana Prima, den Franjo Barišić gegeben hat, gründet sich in erster Linie auf eine gründlich durchgeführte Analyse der Quellen und auf die kritisch benutzten Forschungsergebnisse auf diesem Gebiet. Bei der Bewertung der bischerigen Ergebnisse sollte man allerdings auch die Rekognoszierung des Terrains um die Dörfer Taor und Bader bei Skopje berücksichtigen. Auf der Lokalität Taorsko Gradište ist der Gürtel der ehemaligen Stadtmauern erheblich erweitert, besonders nach den vor kurzem durchgeführten Arbeiten am dortigen Kanal. Außerdem sind auf der oberen Terrasse der Lokalität Taor Teile von zerbrochenen Säulen ausgegraben worden, von denen die eine auch eine Inschrift trägt. In der Örtlichkeit Staro Selo in der Nähe des Dorfes Bader, wo A. Evans seinerzeit keine Spuren der römischen Zeit gefunden hat, sind Grundsteine und zerbrochene Säulen von weißem Stein gefunden worden.

Die Dörfer von Skopje Taor und Bader stimmen mit den antiken Siedlungen Taurisium und Bederiana überein, und zwar nicht nur nach der Lautähnlichkeit ihrer Namen, sondern auch nach der geographischen Lage. Die Entfernung zwischen Taorsko Gradište und der Lokalität beim Dorf Bader beträgt etwa 8 Kilometer. Nach der bekannten Beschreibung, die uns Prokopios in der Schrift „De aedificiis" für Justiniana Prima gibt, ist diese Siedlung neben Taurisium aufgebaut worden, bzw. in der unmittelbaren Nähe des Kastells Bederiana. In der Darstellung von Prokopios sind um Justiniana Prima keine Stadtmauern erwähnt. Das wäre nur mit der Lage zu erklären, die diese Siedlung im Rahmen der Kastelle Bederiana und Taurisium hatte.

Nach der Novelle XI lag Justiniana Prima in Dacia Mediterranea. Kürzlich ist in der Nähe von Štip eine Gedenktafel der Stadt Bargala in Dacia Mediterranea aus dem Ende des 4. Jahrhunderts gefunden worden. Im Gebiet dieser Provinz gehörte nach dem Erdbeben im Jahre 518 wahrscheinlich auch die Gegend um Katlanovo, wo sich einst auch die Kastelle Bederiana und Taurisium befunden haben sollen.